ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр./Nr 08 - 12161/1
06-11-2024
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 4 од Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на финансиски средства за спроведување на настани, форуми, фестивали, манифестации, проекти и проектни активности од областа на локалниот економски развој бр.08-10467/1 од 25.09.2024 година, а во врска со Програмата на активностите од областа на локалниот економски развој на Град Скопје за 2024 година („Службен гласник на Град Скопје" бр. 12/24), Град Скопје објавува:

**Јавен повик**
**за доделување на финансиски средства за реализација на фестивалот**
**"Фестивал на интернационална музика"**

## 1. ПРЕДМЕТ

1.1. Предмет на Јавниот повик е реализирање на фестивалот:

**"Фестивал на интернационална музика"**

## 2. ПРАВО НА УЧЕСТВО

2.1. Право на учество на јавниот повик имаат сите здруженија на граѓани, фондации, федерации, установи, трговски друштва и маркетинг агенции, регистрирани во Централен регистар на Република Северна Македонија со седиште во Скопје, согласно Закон за здруженија и фондации и Закон за трговски друштва кои го исполнуваат условот и општите критериуми и ја доставиле потребната документација.

2.2. Преку јавниот повик ќе се доделат средства за финансирање на фестивалот од точка 1, како и за развој, промоција, поддршка и унапредување на угостителството и туризмот и останати активности од исклучително значење за градот Скопје.

## 3. ВРЕМЕНСКА РАМКА И НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА

3.1. Средствата се обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2024 година во Програмата на активностите од областа на локалниот економски развој на Град Скопје за 2024 година („Службен гласник на Град Скопје" број 12/24). Користењето на доделените средства ќе биде уредено со склучување на Договор помеѓу Град Скопје и апликантот кој ги исполнува критериумите согласно Јавниот повик.

## 4. ОСНОВНИ ОРГАНИЗАЦИСКИ КРИТЕРИУМИ

4.1.Основни организациски критериуми кои треба да ги исполнат заинтересираните апликанти кои учествуваат на овој повик се:

- Да се регистрирани во Централен регистар на Република Северна Македонија со седиште во Скопје;
- да ги подмириле обврските кон Град Скопје (данок, комунална такса) и
- да немаат забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство.

## 5. ОСНОВНИ/ПОСЕБНИ КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА АПЛИКАНТИТЕ

5.1.Основните/посебните критериуми за избор на апликантите се предвидени во Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на финансиски средства за спроведување на настани, форуми, фестивали, манифестации, проекти и проектни активности од областа на локалниот економски развој, кој е објавен на веб –страната на Град Скопје.

## 6. ПРОЦЕНКА НА КВАЛИТЕТОТ НА ПРОЕКТИТЕ

6.1.Проценката на квалитетот на проектите на заинтересираните апликанти кои ги исполнуваат основните организациски критериуми, ќе се врши врз основа на критериумите наведени во точка 5. Бодувањето на најдобриот предлог проект ќе го изврши Комисија формирана од Градоначалник на Град Скопје.

## 7. ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА АПЛИКАНТОТ ТРЕБА ДА ЈА ДОСТАВИ КОН ПРИЈАВАТА

7.1. За доделување на средства за финансирање на фестивалот "Фестивал на интернационална музика на кои настапуваат инструменталисти, вокални изведувачи и бендови од светски рамки", апликантот задолжително треба да ги достави следниве прилози:

- Пополнета пријава со печатни букви на кирилично писмо, потпишана од надлежното лице и заверена со печат на апликантот (пријавата ќе биде објавена на интернет страницата на Град Скопје: www.skopje.gov.mk)
- Тековна состојба од Централен Регистар на Република Северна Македонија или Решение за регистрација на правното лице;
- Потпишана изјава за подмирени обврски кон Град Скопје (данок, комунална такса);
- Потврда дека нема забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство (Централен регистар на Република Северна Македонија);
- Изготвен предлог проект со печатни букви на кирилично писмо;
- Пополнет финансиски план со печатни букви на кирилично писмо.

## 8. ПРИДРУЖНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

8.1.Апликантите во прилог треба да ја достават и следнава придружна документација:

- професионална биографија на стручните лица кои ќе бидат ангажирани во реализација на фестивалот,
- референтна листа,
- најмалку две мислења/референци од партнери или донатори за реализација на претходни фестивали,
- писмена поддршка од други организации или институции за кои е планирано да земат учество во реализацијата на фестивалот и
- маркетинг план на фестивалот.

## 9. НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

9.1. За утврдување на исполнувањето на условите и општите критериуми за доделување на финансиски средства за реализација на Фестивал на интернационална музика, Градоначалникот на Град Скопје формира Комисија за спроведување на јавен повик за доделување на средства за финансирање на фестивали, настани и манифестации од областа на туризмот и угостителството.(Во понатамошниот текст: Комисијата).

9.2. Пријавите кои се ненавремени, неуредни (нечитливи) или некомплетни и не ги исполнуваат условите и критериумите, Комисијата ќе ги отфрли со Заклучок и истите нема да ги разгледува, за што ги известува апликантите чии пријави се отфрлени.

9.3. За пријавите кои се комплетни, навремени и ги исполнуваат условите и критериумите, Комисијата дава предлог до Градоначалникот за избор на апликант за доделување на финансиски средства за реализација на фестивал.

9.4. Градоначалникот на Град Скопје по предлог на Комисијата донесува Решение за доделување на финансиски средства за реализација на фестивал.

***Напомена:***

- ***Пријавите со непотполна документација или кои што ќе бидат доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат! Доставените прилози не се враќаат.***
- ***Секој апликант може да поднесе само една пријава по објавен јавен повик.***

## 10. РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

10.1. Рок за поднесување на пријавите е 5 дена од денот на објавување на Јавниот повик.

10.2. Пријавата со целокупната документација треба да се достави во затворен коверт на адреса: **Град Скопје, Сектор за локален економски развој, бул. “Илинден“ бр.82, 1000 Скопје** (со назнака - Сектор за локален економски развој – Пријава за јавен повик)

10.3. Апликантите на јавниот повик ќе бидат известени за резултатите во рок од 15 дена од денот на завршување на Јавниот повик.

10.4. Целокупната документација, пријавата за финансиска поддршка, содржината, условите и основните/посебните критериуми (прилог кон пријавата) и финансискиот план за проектот се достапни во просториите на Град Скопје, Сектор за локален економски развој, барака бр.6, канцеларија бр.3

секој работен ден од 9.00 до 16.00 часот и на интернет страницата на Град Скопје: www.skopje.gov.mk.

10.5. Прашања за појаснување може да се поставуваат писмено или по електронски пат до Сектор за локален економски развој.
Контакт тел: (02)3297-284 и е-маил адреса: Biljana.Stojmanovska@skopje.gov.mk

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ГРАД СКОПЈЕ**
**Данела Арсовска**